# АМСТЕРДАМ

## Ротердам – Делфт – Хаг – Шевенинген

**16.02.2025 – 19.02.2025 | 3 ноќевања / 4 дена**

**Авионска програма од Скопје ✈**

*Ветерници, лалиња ,кломпи, Хајнекен ,Ајакс и многу други работи по кои надалеку се познати Амстердам и Холандија. Градот го добил своето име по реката Амстел или можеби по истоименото најпознато пиво. Лежи на повеќе од 150 канали кои се поврзани со околу 1300 мостови, поради што Многу посетители се зачудени од количината на вода во самиот град. Каналите се заштитен знак на Амстердам и еден од причините зошто овој град го нарекуваат Северна Венеција.*




**16.02.2025 СКОПЈЕ – АЈНДХОВЕН - ГОЛЕМА ХОЛАНДСКА ЕКСКУРЗИЈА - АМСТЕРДАМ**

Состанок на групата во 04:20 часот на аеродромот во Скопје. Полетување во 06:20 и слетување во 09:20 на аеродромот во Ајндховен. По завршување на пасошка и царинска контрола, целодневен излет **ГОЛЕМА ХОЛАНДСКА ЕКСКУРЗИЈА**. Се упатуваме кон Ротердам – центарот на моќта и најголемото пристаниште во светот. Обиколка на градот: Euromast кулата, Kijkskubus (комплексот на станови во вид на криви пкоцки), градската куќа, трговскиот дел на градот… Продолжуваме до гратчето Делфт, де-факто главен град на Холандија во 15 и 16 век и родно место на големиот уметник Покрај тоа Делфт е познат по своите шармантни канали, плоштади исполнети со мали кафе барови и ресторани. Во Делфт се наоѓа и фабриката - музеј каде се изработува DelftBlue порцеланот и Техничкиот Универзитет каде над 20.000 студенти, истражувачи и професори секојдневно работат на проекти кои ќе ни овозможат подобра иднина. Прошетка низ градот и слободно време за ручек. Посета на градот Hag, каде се наоѓа седиштето на парламентот на Кралството Холандија и палатата на Мирот, каде се наоѓа судницата на Хашкиот трибунал. Потоа заминуваме во посета на Sheveningen. Трансфер до Амстердам. Сместување во хотел (околу 19-20 ч.) Слободно време за индивидуални активности. **Ноќевање**.

**17.02.2025 АМСТЕРДАМ**

**Појадок**. Слободен ден за индивидуални активности или можност за ФАКУЛТАТИВНА посета на најпознатиите музеи во Амстердам (трансфер со јавен превоз): Ријкс музејот со делата на Рембрант, Музејот Ван Гог со неговата голема збирка на дела. Посета на фабриката за дијаманти: прошетка низ работилницата и навлегување во тајните на брусење на прочуените дијаманти. Слободно попладне за индивидуални прошетки низ градот. Препорачуваме да ги видите плоштадот Дам, Кралската палата и Споменикот на соединетите холандски провинции, Музејот на Мадам Тисо, Кулата Мунт, Пловечкиот цветен пазар, Новиот градски кварт… Враќање во хотел индивидуално, со јавен превоз. **Ноќевање**.



**АУРОРА ТУРС ДООЕЛ СКОПЈЕ**
Јане Сандански ДТЦ 13 Ноември, Лок.4, Аеродром – Скопје
(02) 2464 440 | www.aurora.mk | info@aurora.com.mk

**18.02.2025 АМСТЕРДАМ – МАЛА ХОЛАНДСКА ТУРА**

**Појадок**. Слободен ден за индивидуални активности или факултативен излет **МАЛА ХОЛАНДСКА ТУРА**, (околу 4-5 часа) се упатуваме до селото на ветерниците - Заансе Шанс на Мала Холандска тура. Заансе Шанс е населба во холандскиот град Заандам, во близина на Амстердам. Историските ветерници и карактеристични зелени дрвени куќи се преместени тука за да го отсликаат изгледот на холандските села од 18-19 век. Музејот Заанс има регионални носии, моделски ветерници и интерактивни експонати за изработка на чоколадо. Занаетчиските работилници демонстрираат ретки ракотворби, како што се резба од дрво, производство на карактеристичните холандски кломпи како и дрвени буриња и калапи од калај. Слободно време за кафе и ручек. Продолжуваме кон Волендам, холандски град на езерото Маркермер, североисточно од Амстердам. Познато е по неговите шарени дрвени куќи и старите рибарски бродови во пристаништето, кое е преполно со продавачи на морска храна. Музејот Волендам има слики, скулптури и грнчарија од 1800 години се до денес, галерија на традиционални носии и мозаици изработени од милиони пури. Музејот на Палингсаунд ја прикажува локалната музичка сцена. Слободно време и враќање во Амстердам.. Во попладневните часови, можност за факултативно возење со брод по каналите, каде можете да ги доживеете боите на градот на посебен начин и да видите дел од мостовите по кои е позната Холандија.

Враќање во хотел индивидуално, со јавен превоз. **Ноќевање**.

**19.02.2025 АМСТЕРДАМ – АЈНДХОВЕН - СКОПЈЕ**

**Појадок**. Одјавување од хотел и трансфер до аеродромот во Ајндховен. Авионот за Скопје полетува во 16:55 часот, пристигнување во Скопје во 19:35 часот.

| **АМСТЕРДАМ**<br>АВИООНСКА ПРОГРАМА<br>ХОТЕЛ 3* | ПЕРИОД НА ПАТУВАЊЕ | 16.02 – 19.02.2025 |
|---|---|---|
| | УСЛУГИ | 3 Ноќевања со појадок (3ВВ) |
| | НОЌЕВАЊА / ДЕНОВИ | 3Н / 4Д |
| **Цена по лице во двокреветна соба** | | **655 € / 40.610 мкд** |
| **Early Booking цена по лице за резервации до 30.Декември** | | **595 € / 36.890 мкд** |
| Доплата за еднокреветна соба | | 110 € / 6.820 мкд |
| Попуст за дете до 11,99 год. *** | | -45 € / - 2.790 мкд |
| Попуст за трето возрасно лице (12+ г.) *** | | -30 € / - 1.860 мкд |

****** Сместување на трето лице (дополнителен лежај – софа на отварање) само на барање, доколку има расположливи соби!***

**ВО ЦЕНАТА НА АРАНЖМАНОТ Е ВКЛУЧЕНО:**

- ✓ Авионски карти со вклучени аеродромски такси на релација Скопје – Ајндховен – Скопје со Wizz Air.
- ✓ Кабински багаж (1 торба до 8 кг. со димензии 40x30x20см).
- ✓ Сместување во хотел 3* на база 3 ноќевања со појадок.
- ✓ Организиран трансфер аеродром – хотел во Амстердам – аеродром.
- ✓ **Голема Холандска Екскурзија.**
- ✓ Организација на аранжманот и придружник на патувањето.

**ВО ЦЕНАТА НА АРАНЖМАНОТ НЕ Е ВКЛУЧЕНО:**

- × Туристичка такса 9 евра по лице (по 3 евра од ноќ) - 560ден. (се плаќа во агенција).
- × Карти за локален превоз.
- × Влезници за Ријкс музејот, музејот Ван Гог и посета на фабриката за дијаманти – 60€.
- × Мала Холандска Екскурзија 60€.
- × Крстарење по каналите – 35€.
- × Патничко – здравствено осигурување.
- × Доплата за чекиран багаж (цените се променливи, информации во агенција).

**ЗАБЕЛЕШКИ:**

- Организатор на ова патување е АУРОРА Турс.
- **За реализација на аранжманот, потребен е минимален број од 20 патници.** Во случај на помал број пријавени патници, организаторот го задржува правото да го откаже аранжманот или да ја корегира / зголеми цената на истиот.
- Минимален број за реализација на факултативите по дадените цени во програмата е 15 патници, во спротивно цената може да биде соодветно корегирана.
- **Како би се направиле навремени резервации и осигурала реализација на факултативните излети, изјаснување и пријавување за истите задолжително е да се направи во агенција пред почеток на аранжманските услуги.**
- За резервација задолжителна уплата на аванс од 40% од вкупниот износ. За уплати на "early booking" потребна е уплата 50% од вкупната сума на аранжманот. Целосна доплата на аражманот е 14 дена пред поаѓање.
- Програмата и редоследот на разгледи и посети може да претрпи промени во зависност од состојба на терен и други објективни причини.
- Организаторот го задржува правото за промена на цените за факултативните излети во случај на промена на цените на влезниците во локалитетите.
- Организаторот на патувањето го задржува правото, во случај на промена на цената на превозот (авионските билети), да ја промени и цената на аранжманот.
- Валидноста на патните исправи се обврска на патниците, при уплата на резервација должни се да ги приложат во агенцијата за проверка, патната исправа треба да е валидна минимум 3 месеци по завршувањето на аранжманот.
- Организаторот го задржува правото за отказ на аранжманот 7 дена пред патувањето.
- За оваа програма важат Општите Услови на Патување на Аурора Турс.